РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-773/2
01-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 60-тата седница одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-773/1 од 17.02.2021 година, против Градоначалникот на Општина ------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-773/1 од 17.02.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 17.02.2021 година, поднесена е пријава против Градоначалникот на Општина ------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-773/1 од 17.02.2021 година.

Со пријавата подносителот бара да се изврши контрола во локалната самоуправа во --------------------- и наведува дека за време на претходни избори две лица давале парични средства за гласање, а подносителот бил поставен од едниот од нив за набљудувач за што не му било исплатен паричен надомест. Подносителот наведува дека преку градоначалникот барал еднократна парична помош од 5.000 денари за купување на лекови а такви парични средства како што наведува биле дадени на многу побогати луѓе. На крајот на пријавата се истакнува барање за проверка на работата на сите институции во ---------------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавата е конфузна и нема јасни наводи, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk